**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6248 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

## 6. Констатации од надзорот:

### Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Анализата на дневно-информативните емисии на ТВ Арт во овој деветти по ред извештаен период, се однесува на седум дена, а не на десетдневниот период (во оваа ситуација од 21 до 30 ноември), како што е вообичаено. Поради преселувањето во нови простории (информација презентирана на програмата), телевизијата емитуваше изменета програмска шема на 21 и 22 ноември. Не беа емитувани вести во ударните термини на 21 ноември, а од 22 ноември беше анализирано единственото издание што беше емитувано тој ден, а е дел од нашиот примерок, вестите во 22.00 часот. Дополнително, поради технички проблеми со снимките од 28 и 29 ноември, не се анализирани двете изданија вести од тие денови. Во преостанатите шест дена (23, 24, 25, 26, 27 и 30 ноември) беа анализирани Вестите емитувани во 18.45 часот и Вестите во 22.00 часот. Вкупното времетраење на анализираните прилози, поврзани со изборниот процес, емитувани во седумдневниот период е 2 часа 37 минути и 55 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | |
| Влада на РМ | 00:11:57 | 58,44 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:50 | 13,85 % |
| Без субјекти | 00:02:50 | 13,85 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:50 | 13,85 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:20:27** | 100 % |
| **Други теми поврзани со избори** | | |
| ДИК и други органи | 00:06:37 | 12,52 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:52 | 13,00 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:54 | 13,06 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:54 | 13,06 % |
| Други субјекти | 00:03:50 | 7,26 % |
| Без субјекти | 00:01:57 | 3,69 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:45 | 8,99 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:56 | 5,55 % |
| Граѓански сектор | 00:03:40 | 6,94 % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:25 | 15,93 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:52:50** | 100 % |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:51 | 18,73 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:14:10 | 16,74 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:06 | 0,12 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:08:53 | 10,50 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:12:00 | 14,18 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:13:44 | 16,23 | % |
| Беса | 00:09:10 | 10,83 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:09:18 | 10,99 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:26 | 1,69 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:24:38** | 100 | % |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во седумдневниот период, во анализираните изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 1 час 24 минути и 38 секунди (Табела 1). Следени се активностите на четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати за пратеници, а времето е распределено на следниов начин: за Демократската унија за интеграции – 15 минути и 51 секунда, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 13 минути и 44 секунди, за Коалицијата предводена од СДСМ – 12 минути и за Коалицијата ВМРО за Македонија – 1 минута и 26 секунди. Коалицијата за промени и правда – Трет блок, која има шест потврдени листи со кандидати, е спомената само во една збирна информација со најава каде ќе одржи митинг, во траење од 6 секунди. Од трите политички субјекти коишто имаат по пет листи со потврдени кандидати за пратеници (ДПА, Левица и ЛП), следени се активностите на Демократската партија на Албанците – 14 минути и 10 секунди. Не се емитувани информации за Левица и Либерална партија. За активностите на двата политички субјекта кои имаат по четири листи со потврдени кандидати, одвоеното време изгледа вака: за Движењето Беса – 9 минути и 10 секунди и за Коалицијата „Алијанса за Албанците" (ДПА-ДР, Унитети, НДП) – 8 минути и 53 секунди. Следени се и активностите на Партијата за демократски просперитет (ПДП), која има една листа со кандидати за пратеници, - 9 минути и 18 секунди.

За активностите на органите на власт е информирано во прилози со траење од 20 минути и 27 секунди (Табела 1). Во рамки на вестите се емитувани: изјава на министерот за образование, изјава на министерката за труд и социјална политика, краток разговор со министерот за правда, изјава на премиерот во врска со акцијата „Ден на дрвото".

Во седумдневниот анализиран период на вестите, вкупното времетраење на прилозите што влегуваат во категоријата други теми поврзани со избори е 52 минути и 50 секунди (Табела 1). Ги опфаќа прилозите во кои се изнесени ставовите на експертите/аналитичарите и на претставниците на граѓанскиот сектор, за прашања поврзани со изборниот процес. Информирано е и за активностите на странски субјекти, кога нивното појавување било поврзано со изборниот процес кај нас, за работата на Државната изборна комисија итн. Демократската унија за интеграции и Демократската партија на Албанците се појавуваат во оваа тема поради прилозите поврзани со: средбата што лидерите на двете партии ја имале со европратениците-известувачи за Македонија, гостувањето на претставници на двата политички субјекта во дебатната емисија „Зиг-Заг" од која е емитуван извадок во вестите и поради средбите на партиски претставници со евроамбасадорот Жбогар. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ е дел од оваа тема поради прилогот за интервјуто, што носителот на листата со кандидати за пратеници во првата изборна единица, Никола Попоски, го дал за Радио Слободна Европа. Коалицијата предводена од СДСМ е присутна во оваа тема како резултат на средбата што претставници на оваа Коалиција ја имале со Стопанската комора на Северозападна Македонија, на барање на комората со цел презентација на нивната стопанска платформа.

Времето на директните обраќања е збирно од сите прилози коишто припаѓаат на некоја од трите теми прикажани во Табела 1 (активности на органи на власт, други теми поврзани со избори, активности на учесници во изборна кампања и кандидати). (Табела 2).

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:15:08 | 17,13 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:11:45 | 13,30 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:30 | 11,89 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:07:51 | 8,89 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:41 | 6,43 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:27 | 12,96 | % |
| Влада на РМ | 00:05:41 | 6,43 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:18 | 1,47 | % |
| Други субјекти | 00:01:22 | 1,55 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:42 | 3,06 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:04:58 | 5,62 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:30 | 2,83 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:16 | 2,57 | % |
| Беса | 00:03:53 | 4,40 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:18 | 1,47 | % |
| | Вкупно: 01:28:20 | 100 | % |

*Посебни информативни емисии*[1]

*Дебати*

На 24 ноември во рамки на емисијата „Зиг-Заг" гостуваа Артан Груби од Демократската унија за интеграции, Азем Садику од Демократската партија на Албанците и аналитичарите Илбер Села и Џелал Незири. Дискутираа за политичките кампањи на двете партии, партиските ветувања, за досегашните достигнувања на двете партии, политичките случувања во земјава, очекувањата од изборите. Дебатната емисија е два пати репризирана, рано наутро на 25 ноември и во попладневните часови истиот ден.

На 30 ноември, во рамки на емисијата што третира економски теми „Уметност на финансиите", гостуваа универзитетскиот професор Сехадин Џафери и Мендерез Кучи од Стопанската комора на Северозападна Македонија. Се дискутираше за економските програми на партиите и за партиските ветувања во кампањите.

[1] Поради технички проблеми со снимките, со анализата не се опфатени поголеми делови од програмата емитувана на 28, 29 и 30 ноември

*Интервјуа*

На 30 ноември гостин во емисијата „Зиг-Заг" беше претседателот на ДПА-ДР, дел од Коалицијата „Алијанса за Албанците„ Зијадин Села.

*Друга информативна програма*

Во рамки на емисијата „Уметност на финансиите", составена од повеќе прилози посветени на економски теми, на 23 ноември беше емитуван и разговор со министерката за труд и социјална политика, Фросина Ременски. Темите на разговор беа од доменот на работа со ресорот со кој раководи, социјалните проблеми и нивно решавање. Наредниот ден, емисијата беше два пати репризирана, рано наутро и попладне.

***Сектор за програмски работи***